Sylvia Plath's "Daddy" Translated into Macedonian

Kristina Zimbakova

ТАТЕ

Не те бива, не те бива
веќе, кондуро црна,
во тебе живеев ко пета
бедна и бела, триесет лета,
со уплав дишев и апчихав.

Тате, да те убијам морав.
Почина пред да имам време –
мермер-тежок, торба со Бог полна,
грозоморен кип со сив прст
голем како кит од Фриско

и глава во дивиот Атлантик
каде зеленило над синило се лее
во водите крај прекрасниот Нозит.
Се молев да те вратам тебе.
Ach, du.

На германски јазик, во градот полски
збришан од тој валјак
на војни, војни, војни.
Но името на градот е често.
Мојот пријател Полјак

вели ги има дузина или две.
Па никогаш не можев да познаам каде
си стапнал, свој корен врзал,
никогаш не можев да зборам со тебе.
Јазикот ми запна за вилиците.

Ми запна во клопка на тељ со боцки.
Ich, ich, ich, ich.
Одвај говорев.
Мислев секој Германец е ти.
И поган јазик

локомотива, локомотива,
што ме исфрла ко да сум Јуда.
Јуда за Дахау, Аушвиц, Белсен.
Почнав да зборувам ко Јуда.
Чинам може сум и Јуда.

Снеговите од Тирол, бистрото вино од Виена
не се многу чисти или вистински.
По мојата ѓупска жичка и чудна среќа
и шпилот тарот карти, шпилот тарот карти
можеби по малку сум Јуда.

Отсекогаш сум стрепела од *тебе*,
со твоето дрн-дрн јарина, твоето Luftwaffe.
И твоите под конец мустаќи,
и ариевски очи, светло сини.
Панцер-човек, панцер-човек, О Ти –

не Бог туку свастика
од што е црна нема небо што ќе ја пробие.
Секоја жена обожува Фашист,
чизма в лице, sверско срце
sверско, на sвер како тебе.

Стоиш над таблата, тате,
на сликата што ја имам од тебе,
со дамар сред брада место в стопало
но не помалку ѓавол поради тоа, не не
помалку од црниот човек што

ми го прегриза слаткото црвено срце на две.
На мои десет години те закопаа.
На дваесет пробав да ја скинам
и пак, пак, пак да дојдам кај тебе.
Си мислев ќе свршат работа и коските.

Но од вреќа ме извлекоа
и со лепило ме споија.
И тогаш нешто ми текна.
Стокмив твој модел,
човек во црно со Meinkampf поглед

и пукнат да мачи и гмечи.
И реков, ме бива, ме бива.
Па, тате, конечно се откачив.
Црниот телефон од штекот е измакнат,
Гласови ко црви низ него не ќе минат.

Сум убила ли еден, сум убила двајца –
вампирот што се претстави дека е ти
и цела година ми ја цицаше крвта,

седум години ако баш сакаш да знаеш.
Тате, сега можеш да си легнеш.

Кол ти е забиен во тоа дебело црно срце.
Никогаш не те сакаа селаните.
Играат и газат врз тебе.
Секогаш *знаеја* оти тоа си ти.
Тате, тате, говедо едно, се откачив.